## Влада на Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| Дата: | **25 март 2025 година** |
| Архивски број: | **50-3355/3** |
| До: | **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија** <br> **Скопје** |

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 25 март 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | м-р Љубомир Куноски, советник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и

д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт

ПОВЕРЕНИК: д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање,
по скратена постапка

Скопје, март 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Имајќи ги предвид последните трагични случувања во еден објект, односно дека истиот бил изграден за една категорија и не се направило негова пренамена за вршење на друга дејност, а со тоа и не се приспособил истиот за соодветната неговата намена, се има за цел вршење на почести контроли на сите иматели на лиценци, дозволи и одобренија односно овластувања. Имено согласно досегашните законски решенија Министерството за транспорт врши редовна контрола на иматели на издадени лиценци согласно овој Закон, со цел дали истите постојано ги исполнуваат условите потребни за стекнување на тие лиценци, меѓутоа истото се врши на ад хок субјекти согласно претходно утврден план имајќи во предвид дека се издаваат многу лиценци, одобренија, дозволи или овластувања од страна на Министерството. Затоа се има за цел да се предвиди законска обврска двапати годишно да се врши таа проверка на сите иматели на лиценци издадени согласно овој Закон. Тоа секако не ја исклучува можноста да се вршат повеќе контроли односно почести од предвидените со Закон, се со цел обезбедување на квалитетни услуги и сигурноста на граѓаните кои се корисници на тие услуги од лицата иматели на лиценци.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основни цели на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка, е воведување на зачестена контрола по службена должност на сите иматели на лиценци издадени согласно Законот за урбанистичко планирање.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка, не предизвикува дополнителни финаниски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на Законот не повлекува дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) во член 69 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:
„ Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно над сите издадени лиценци, дали правните лица ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена лиценцата. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот ќе ја одземе лиценцата за изработување на урбанистички планови доколку: “.
Ставот (3) се менува и гласи:
„ Против решението за одземање на лиценца може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.
Ставот (4) се менува и гласи:
„Правното лице чија лиценца е одземена, должно е истата да ја врати веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одземање на лиценцата, на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот.“.
Во ставот (6) зборот „правосилно“ се заменува со зборот „конечно“.
Во ставот (7) се додава нова втора реченица која гласи:
„Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.
Во ставот (8) зборовите „ ,во рок од осум дена од правосилноста на решението на“ се заменуваат со зборовите „веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за“.
Во ставот (9) зборот „правосилноста“ се заменува со зборот „конечноста“.
Во ставот (11) зборовите „Правосилното решение“ се заменуваат со зборот „Решението“, а зборовите „правосилното решение“ се заменуваат со зборот „решението“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање е систематизиран во 2 члена.

Со член 1 се прави измена на членот 69 од Законот односно во делот на одземање на лиценцата за изработување на урбанистички планови во ставот (1), истиот се дополнува така што се предвидува дека по службена должност ќе се врши редовна проверка односно контрола најмалку два пати годишно, од страна на Министерството на сите лиценци односно дали правни лица кои се стекнале со лиценца за изработување на урбанистички планови ги исполнуваат условите за издавање на таа лиценца.

Исто така се предвидува и жалбена постапка, наместо само управен спор, при што во Регистарот на издадени и одземени лиценци односно овластувања се евидентира конечното решение и со тоа се врши одземањето, а правното лице има право на жалба.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на Предлогот на закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој Предлог на закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија пред се ќе се овозможи правна сигурност на граѓаните, како и ќе се поттикнат имателите на лиценци постојано да ги исполнуваат условите за стекнување со лиценца согласно овој закон, со оглед дека контролите ќе се вршат најмалку два пати годишно.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

3. Одземање на лиценца и овластување

Член 69

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ќе ја одземе лиценцата за изработување на урбанистички планови доколку:

1. правното лице престанало да постои;
2. правното лице престанало да ги исполнува условите за добивање на лиценца од членот 68 став (2) од овој закон и
3. правното лице изработило или ревидирало урбанистички план односно урбанистички проект спротивно на овој закон и прописите донесени врз основа на него.

(2) Лиценца издадена согласно овој закон, се одзема по службена должност во случаите од став (1) точки 1 и 2 на овој член, а во случајот од ставот (1) точка 3 на овој член, лиценцата се одзема врз основа на предлог на органот кој врши надзор над законитоста на изработувањето и донесувањето на урбанистичките планови со решение на органот надлежен за вршење на инспекцискиот надзор.

(3) Против решението за одземање на лиценца може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(4) Правното лице чија лиценца е одземена, должно е да ја врати на органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот, во рок од осум дена од правосилноста на решението на одземање на лиценца.

(5) По донесување на решението за одземање на лиценца во случај од ставот (1) точка 3 на овој член, органот од ставот (2) од овој член е должен до Комората да поднесе предлог за одземање на овластувањето за изработување на урбанистички планови на физичкото лице кој е носител на овластувањето и потписник на урбанистички план, односно урбанистички проект изработен или ревидиран спротивно на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него.

(6) Комората ќе го одземе овластувањето за изработување на урбанистички планови од денот кога решението за одземање на лиценцата станало правосилно.

(7) Против решението за одземање на овластување, може да се изјави жалба до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, во рок од 15 дена од приемот на решението.

(8) Физичкото лице чие овластување е одземено е должно да го врати на Комората, во рок од осум дена од правосилноста на решението на одземање на овластување.

(9) Правното лице чија лиценца е одземена и физичкото лице чие овластување е одземено, не може да добие лиценца односно овластување предвидени со овој закон, во рок од 18 месеци од денот на правосилноста на решението за одземање. Одговорно лице во правното лице чија лиценца е одземена не може да основа друго правно лице за изработување и стручна ревизија на урбанистички планови, во рок од 18 месеци од правосилноста на решението за одземање на лиценцата.

(10) Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот води регистар за издадените и одземените лиценци, а Комората води регистар за издадените и одземените овластувања, кој задолжително се ажурира и објавува на веб страницата на Комората.

(11) Правосилното решение за одземање на лиценца се евидентира во регистарот на издадени и одземени лиценци и се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите на уредувањето на просторот, а правосилното решение за одземање на овластување се евидентира во регистар за издадените и одземените овластувања и се објавува на веб страницата на Комората. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот, правосилното решение за одземање на лиценца го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија заради евидентирање на забраната од ставот (9) на овој член.

(12) Начинот на издавање и одземање на лиценцата и овластувањето, формата и содржината на образецот на лиценцата, овластувањето и уверението за положен

стручен испит, висината на надоместокот за издавање на лиценците и овластувањето според административно-технички и организациони активности потребни за нивното издавање, како и формата, содржината и начинот на водењето на регистрите односно имениците ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите на уредувањето на просторот.